МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11-270/1
Датум: 17.01.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на водоводна мрежа за објект на ул.“Иван Цанкар“ бр.72 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 03.01.2022 година изврши увид на лице место на ул.“ Иван Цанкар“ бр.72 по барање на барател

Скопје за изведба на приклучок на водоводна мрежа.

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.30403 од 26.10.2021год. за времен водоводен приклучок и приложениот графички прилог од хидротехнички услови број 1305-203/2 од 24.01.2020 година издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараниот приклучок.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична водоводна мрежа (Ф=80 мм) со профил на водоводен приклучок Ф=80 мм во должина од 6м.

Горе наведениот приклучок по решението за времен приклучок и хидротехничките услови предвиден е да се изведе ископот на ровот со помош на сечење на делови од тротоар од земјена подлога и преминувањето на ул.“Иван Цанкар“ се до поврзувањето на постоечка цевка да се изведе со пат на бушење.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за прекоп на земјена подлога да уплати износ од 142.00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новата фекална инсталација, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*